Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. ____________________

Охрид, ________ 20___ год.

Врз основа на точка 3 од Одлуката за распишување на избори за членови на факултетско студентско собрание на Факултетот за компјутерски науки и инжинерство арх. бр. 12-48/1 од 30.04.2024 година Изборната комисија за спроведување на избори за членови на факултетско студентско собрание на Факултетот за компјутерски науки и инжинерство го објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

## за распишување избори за членови на Факултетско студентско собрание и претседател на Факултетско студентско собрание на Факултетот за компјутерски науки и инжинерство

- Се известуваат студентите дека **на ден 29.05.2024 година ќе се спроведат избори за членови и претседател на :**

  – **Факултетско студентско собрание на Факултетот за компјутерски науки и инжинерство**

- Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници на студентите од сите студиски програми од прв и втор циклус на студии и брои 10 (десет) членови.
- Право да бираат и да бидат избрани за претседател и членови на Факултетско студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во студиската 2023/2024 година.
- За Претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент запишан на студии во студиската 2023/24 кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.
- За членови на Факултетското студентско собрание се избрани оние кандидати кои освоиле најголем број гласови од утврдениот број на членови на Факултетското студентско собрание, доколку за нив гласале повеќе од 30% од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список. Секој студент гласа за по 10 кандидати од листата со предложени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание.
- За претседател на Факултетското студентско собрание е избран кандидатот со најголем број гласови од листата на кандидати за Претседател на факултетското студентско собрание, кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар, доколку за него гласале повеќе од 30% од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список.
- Кандидатите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание се утврдуваат на собири на студенти на факултетот по години на студии, циклуси и студиски програми, каде се предлагаат кандидати за претставници (членови) на Факултетското студентско собрание.

- Се повикуваат сите заинтересирани студенти за кандидати за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, по одржување на собирите на студенти на факултетот по години на студии, циклуси и студиски програми**, а кои ќесе одржат најдоцна до 21.05.2024 година, да доставаат пријава за кандидат** за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание до Изборната комисија, **најдоцна до 17.05.2022 година**.
- Гласањето на Факултетот ќе се спроведе на ден **ден 29.05.2024 година (среда) со спроведување на тајно гласање во училница 6 во период од 11 до 13 часот**.
- Јавниот повик е објавен на огласната табла на Универзитетот и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид.

Изборна комисија:

1. доц. д-р Љубинка Санџакоска, Претседател на комисија

2. доц. д-р Иле Димитриевски, Член на комисија

3. Џеваир Авмедовски, студент

4. Евгенија Пулеска, студент

5. Дамјан Цветкоски, студент

-